Јануари 2010/Бр.99

# FOREVER
MACEDONIA



# КАФЕНА ЛАЖИЦА ПОЛНА СО МЕД МОЖЕ ДА ЈА ПОРАЗИ МЕДИЦИНАТА . . .




Медот во кошниците навистина е неверојатен производ, произведен од нектарот од цветовите. Нектарот е ретка, лесно расиплива слатка течност која е преработена од пчелите во стабилна, со висока густина, богата енергетска храна. Темниот мед има поголема хранлива вредност отколку светлиот, а содржината на витамини и минерали во целост зависи од нектарот на самиот цвет од кој пчелата го собира. Медот е составен од два вида на шеќери, фруктоза и сахароза кои всушност се моносахариди. Овие шеќери директно се апсорбираат без да има потреба од варење во гастроинтестиналниот тракт, и многу брзо се добива енергија во човечкот организам. Медот исто така содржи протеини, витамини и минерали, а не содржи холестерол.

Медицинските особини на медот се познати од дамнешно време. Медот е опишан како нектар на животот и се препорачува за примена кај повеќе заболувања, но неодамнешните студии го докажуваат неговото благотворно влијание во некои случаи, вклучувајќи антибактериски третмани, третмани на изгореници и чиреви.Причината за тоа е поради способноста на медот да ја апсорбира водата. Молекулите на водата многу силно реагираат кога се во допир со шеќерите на медот, при што останува многу малку вода достапна за микроорганизмите. Така бактериите кои предизвикуваат инфекција практично медот ги дехидрира до изумирање.

Светлината и воздухот имаат штетни ефекти врз медот. Поради овие причини, стаклените садови, плутени и восочни затворачи обложени со картон, метални садови и затворачи се избегнуваат за пакување и продажба на овој производ. Ова е причината зошто Форевер Ливинг Продуктс сака да се осигури дека нутритивната вредност во Форевер медот е заштитена и затоа е пакуван во трислоен пластичен сад за да ги рефлектира ултра виолетовите зраци кои можат да го намалат неговиот потенцијал.

Форевер Медот се прави и собира во еколошки најчиста средина распространета на стотици илјади км2 во високите предели на Соноран пустината и е потполно природен,вкусен засладувач. Пчелите посетуваат преку 3000 пустински цветови и собираат нектар од недопрена природа од човекот.Ова е многу битен фактор,бидејќи сите знаеме дека практично е невозможно да се отстрани оловото наталожено во медот! Медот лесно се вари во организмот, дава енергија и го ублажува уморот.

Во секое време Форевер медот е вкусен и совршен природен засладувач! Направивме сé со цел да бидеме сигурни дека овој природен извор на здрава храна ќе биде достапен за вас онака како што е создаден од природата.

Форевер медот е многустран суплемент за вашите секојдневни потреби, без разлика дали ќе конзумирате полна лажичка со мед која ќе ви ја даде потребната енергија или ќе го додадете во вашиот омилен Алое Вера гел за да направите вкусен коктел или ќе го засладите вашиот Форевер Лајт со ниско калоричен засладувач. Форевер Ливинг Продуктс со големо внимание го има направено овој производ, во кој има додадено и малку љубов, за да ви го подари најдобриот мед достапен на пазарот денес. Внесете го во вашиот секојдневен режим и заменете го преработениот бел шеќер кој го користите за засладување на вашиот чај, кафе, млеко. Користете го и во секојдневното готвење овој фантастичен производ и погледнете ја разликата која ќе ја почувствувате вие и вашето семејство.



**Рекс Моган**
Претседател и главен генерален директор на ФЛП

# Господар на сопствената судбина



Новите можности се насекаде околу нас. Новите денови, седмици, месеци па дури и години ни носат перспективи за усовршување-да си го подобриме животот, да усвоиме нови вештини, да ја следиме мечтата, да го издигнеме бизнисот до нови височини. Но што станува кога работите не одат? Навистина ли е можно човек да започне одпочеток? Кога животот или работата ќе ни тргнат надолу дали можеме да почнеме одново надевајќи се дека нештата ќе се подобрат?

Да го земеме John Bushman за пример. Во почетокот на XIX век тој се населува во пустинска област во северна Аризона. Поради недостигот од вода, било неопходно да се обезбеди вештачко наводнување. Bushman заедно со неколку луѓе изградил брана со надеж дека ќе го претвори малото поточе во импровизиран воден резервоар.

Но браната не издржала. Година по година, тие ја граделе браната и таа секој пат се рушела. Сепак John не се разочарувал. Иако контролата врз стихиите била невозможна, останувало нешто што тој знаел дека може секогаш да го контролира- неговиот став. Еден ден, после уште еден колапс, Bushman напишал во неговиот дневник:"Браната пак беше однесена. Ние не сме обесхрабрени."

*Тоа ме потсети на поемата на William Ernest Henley:*

*Под покривот на ноќта над мене,*
*од крај до крај црн како пекол,*
*им благодарам на сите Богови,*
*што сум неосвоена душа.*

*Во околностите во жестоките клешти,*
*не трепнав и не пуштив глас,*
*и шансата со стап ме претепа*
*крвав, но нескршлив сум јас.*

*Над овој свет на гнев и солзи,*
*надвиснува ужас, исткаен од мрак,*
*но сепак опасноста од годините*
*не ме, и нема да ме исплаши.*

*Не е важно дека патот е стар,*
*или дека ролната е испишана со беда,*
*господар сум на својата судба,*
*зошто ја владеам својата душа.*

Едноставниот запис во дневникот на Bushman говори многу за неговата сила и визија. Тој не се предава. Трпението, смелоста и високиот дух се незаменливи за градење во таа неплодна земја, а John несомнено ги имал. Тој бил господар на својата судбина, владеел со својата душа.

Верувам дека можеме да извлечеме корисни лекции за себе и за бизнисот од искуствата на John. Целите и мечтите не се мерат секогаш со резултати, туку често со нашиот начин на мислење. Успехот не се мери само со доаѓање до крајот. Често тоа е напорот да започнеме, а потоа напорот да продолжиме со нов почеток е тоа од што најмногу учиме.

Затоа дури и да сте мислеле дека вашите мечти и цели биле однесени како браната на John, Новата година ви дава можност одново да ги изградите. Секој следен ден е нов почеток, нова можност за промена, усовршување, повторен обид. Самото започнување носи безброј можности за растеж и среќа. Ајде во 2010 г.да бидеме вистински господари на својата судбина и да си го изградиме бизнисот како никогаш досега.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



# Драги пријатели,

Среќна Нова 2010 година! Нормално е да ви посакаме таа да биде успешна, но нема тоа да го направиме..., зошто сме сигурни дека со Форевер навистина ќе биде така. Знам дека некои од вас се сигурни во тоа. Други се спремаат да направат сé што треба за да биде така... А трети не смеат да очекуваат ништо од таа година, за да не се разочараат оти нема да го постигнат тоа.

Но, независно какви ви се очекувањата, ние сакаме да ви обрнеме внимание на едно важно нешто: реалниот живот не се случува во иднината, туку-СЕГА, оваа седмица, денес, овој час и оваа минута... И вашето минато ќе зависи од одлуките и дејствата кои ќе ги направите СЕГА, оваа седмица, денес, овој час и оваа минута. Се разбира дека ваш е изборот дали "ќе се качите на возот кон успехот" СЕГА или не. Но потоа немој да се чудите зошто други стигнуваат порано таму каде и вие сакате да бидете. Не оставајте нерешителноста да одлучи наместо вас. Додека цврсто не решите да дејствувате, вие всушност сте одлучиле да продолжите да живеете исто како и до сега. Ако тоа ви се допаѓа, ние немаме ништо против, но должни сме да ви кажеме дека луѓето кои не ја земаат својата судбина во свои раце, ќе треба до крајот на животот да работат за подобра судбина на ... некој друг. Пет дена секоја седмица, осум часа секој ден, десетици години по ред, со два одмора од по една седмица секоја година... Да, така е. Така е, зошто во овој свет има неколку вида луѓе. Такви кои сами прават нештата да се случуваат.Такви кои набљудуваат како другите прават нештата да се случуваат.И такви кои едноставно гледаат одстрана и воопшто не сфаќаат што се случува. Вие сами одлучете на кој вид ќе припаѓате. Вие и никој друг.

Ако имате цел да успеете и волја да направите сé што е потребно за тоа, треба да знаете дека ќе треба да тргнете по пат кој е различен од тој по кој одат повеќето луѓе околу нас. Не се секирајте дека нема да успеете. Единствен начин да не успеете е ако никогаш не пробате. Ако навистина имате силна мотивација, бидете сигурни дека со ваша цврста одлука СЕГА, денес, во овој час и оваа минута да започнете или да продолжите уште поуспешен бизнис со Форевер, навистина ќе си ја промените иднината.

А за претстојната 2010 год.нема потреба веќе да размислувате. Таа е иднината и за вас, луѓето околу вас и луѓето кои ќе ги запознаете со оваа одлична компанија и на кои ќе им помогнете да го направат истото што и вие, таа ќе биде навистина среќна и успешна. Ви ветуваме!

Засекогаш ваши,
Стефан и Тања Стаеви






# SUCCESS DAY 11.12.2009




Настан за паметење. Домаќин на овој настан беше Валентина Наумовска. Имавме чест да бидеме домаќини на Peter Lenkey, Директорот на ФЛП за Европски операции. Наш гостин беше и Др.Снежана Контра-Менаџер од Србија на чија презентација сме и особено благодарни. Ги проследивме презентациите на Мери Џајковска, Симе Маљановски, Слафко Михајловски и нашиот Country Manager - Стефан Стаев.
Добитници на Новогодишната лотарија се: Хрисанта Габунија- дигитална вага; Марија Николовска- ел.бокал; Бошковски Гоце-преса за коса; Гаџиќ Витомир- фен; Слафко Михајловски- апарат за бричење; Елена Блажевска- депилатор; Гоце Тутески- тостер; Роза Гелевска- портабл радио,ЦД; Влатко Ѓоргиоски- кафемат; Ѓоргиева Дени- печатач; Викторија Теофиловска- ДВД; Владимир Поповски- микробранова; Михајловски Слафко- фотоапарат;
Марија Николовска-муз.систем;
**Златковска Вера- TV LCD 32"**
Им честитаме, а на останатите дистрибутери им посакуваме повеќе среќа следниот пат!

















FOREVER LIVING
PRODUCTS MACEDONIA
АЛОЕ ВЕРА
ZANUSSI
PHILIPS

# БРЗ НАЧИН ДА СЕ ДОЈДЕ до УСПЕХ

***Без оглед колку сме постигнале со нашиот Форевер бизнис, секогаш од корист е да се размислува за чекорите кои мораме постојано да ги чекориме со цел да се постигне нашиот највисок потенцијал.***

## 1. Фокусирајте се на мотото "давање без очекување нешто за возврат" и ќе видите дека следи награда:




Ние сме навистина среќни што имаме толку многу да дадеме, да го споделиме нашето знаење, нашето пријателство, нашата грижа и поддршка на другите. Ние живееме живот кој природно ги привлекува луѓето околу нас Истата филозофија се применува и кај дистрибутерите во нашите успешни надолни линии. Со тоа што ние ќе им помогнеме со совети, поддршка, ќе им посветиме време, добиваме сите заедно, бидејќи ќе бидеме дел од мрежа која е стабилна и успешна. Во мултилевел маркетингот, не постои поголема вистина од тоа дека **колку повеќе ќе дадеш, толку повеќе ќе добиеш.**

## 2. Сфатете дека всушност вие сте компанијата:

Без оглед колку прекрасна компанија е ФЛП, колку се добри производите и можноста за бонус заработка, всушност вие сте тие кои имаат најголемо влијание за тоа како вашата компанија ќе биде перцепирана од другите. И покрај сé, во ова време на неверојатна конкуренција, стотици други мултилевел маркетинг компании тврдат дека го имаат најдобриот компензационен план.

За среќа вие имате солидна компанија со 30 годишно успешно работење, но сепак Вие сте најмоќниот претставник на компанијата кога ќе се сретнете индивидуално со луѓето. Помагајте им на другите и учете ги како тие треба да бидат успешни во градењето на нивниот сопствен Форевер бизнис, со што тие ќе го мултиплицираат она што вие го работите.

## 3. Соберете ги плодовите од вашиот труд на малопродажба, заедно со вашето семејство и пријателите:




Моќната линија од производи на ФЛП нуди големи бенефиции за многумина. Кога ќе ја споделиме нашата прекрасна палета на производи со членовите на нашето семејство и пријатели, ние им нудиме можност да ги доживеат благодетите од производите на свој начин. Кога ќе увидат колку ефикасни и извонредни се производите, тогаш тие ќе покажат интерес да дознаат нешто повеќе за нив. Тогаш сосема природно се наметнува етапата кога вие ќе ја споделите информацијата која ја имате во ФЛП рекламниот материјал достапен за секого, почнувајќи од книгите па се до ДВД-ата, каталозите и се друго што може да ви помогне во вашата работа.

## 4. Споделете ја бизнис можноста со деловни луѓе:

Исто како што членовите на семејството и пријателите се добри кандидати со кои може да ја споделите палетата на производи, деловните луѓе и луѓето што се занимаваат со продажба се силни кандидати за реализирање на бизнис можноста, бидејќи навистина можат да ја сфатат моќта на нашиот маркетинг план и со внимание ќе ве сослушаат додека им го објаснувате сето тоа. Следниот пат кога ќе бидете во преговори за купување на производи со некој што е поврзан со професијата продажба, исто така запомнете дека треба да им го презентирате и маркетинг планот. Не постои ништо слично како на пример "победа-победа и само победа" за да го изградите вашиот бизнис со Форевер!




## 5. Успехот носи успех:

Како дополнување на вашиот план за постигнување на целите, многу е важно да запомнете дека е потребно да направите сé што е во ваша моќ за да й помогнете на вашата мрежа успешно да се развива. Сепак колку тие се поуспешни, толку поуспешни ќе бидете и вие!

## 6. Следете ги вашите планови за успех:

Форевер Ливинг Продуктс ве обезбедува со многу ефективен план за успех, систем кој се мултиплицира и кој е дизајниран да се споделува со други. Со користењето на Пакетот "Допирот на Форевер" полесно може да го започнете вашиот бизнис и во иднина да продолжите и развивате сé постабилна основа за постигнување на поставените цели.

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ КЛУБ НА ФЛП МАКЕДОНИЈА-2010 год.



Фирмата во која го поминав работниот век отиде под стечај. Не ми се веруваше што се случи. Во поодминати години се најдов во крајно незавидна ситуација.

Благодарение на мојот спонзор Слафко Михајловски кој ме запозна со Forever Living Products, јас ја искористив дадената можност и со упорна и несебична работа, со куќни презентации, со презентации од град во град кај мои познати и пријатели, успеав како Феникс да се вратам во "живот" и после неколку години да станам најуспешен дистрибутер на ФЛП во Македонија.

Со Forever Living Products стекнав можност за солидни приходи, материјална независност, работна сигурност, многу слобода во креативноста, слободно време за дружење, свирење, пеење,планинарење и за моето омилено читање книги и едуцирање.

Искористете ја оваа бизнис можност и живејте ги вашите сонови!

Сениор Менаџер
Кирил Дрзманоски



Forever Living Products на милиони луѓе ширум светот им го промени животот во позитивна насока - со добро здравје, финансиска слобода, да бидат среќни и да се радуваат на животот.

Можеби оваа можност вие во овој момент не ја препознавате, не верувате, но нашиот најдобронамерен совет е "немојте ни случајно да ја пропуштите".



Во животот ваква можност многу, многу ретко се укажува.

Дали ќе ги искористите неограничените можности што ви ги нуди Forever Living Products без никакви условувања и ограничувања, или ова ќе биде уште една пропуштена шанса, одлуката и изборот се ваши?

Соаринг Менаџери
Слафко и Вера Михајловски



Forever Living Products е најголемиот одгледувач, преработувач и дистрибутер на алое вера кој ни овозможува подобар живот, подобрување на начинот на живеење, подобро здравје, убавина, финансиска независност и слобода.

Го сонував сонот, а ФЛП ми ги овозможи сите овие работи. Затоа, сонувајте го истиот сон со мене, бидете упорни, спонзорирајте го придружувањето на другите дистрибутери хумано, чесно и професионално. Насочете ги проверените деловни принципи и правила на ФЛП во своја корист.

Мудроста на работењето со ФЛП се содржи во љубовта кон производите, хуманоста и чесноста, а ви нуди голема животна можност која ви го отвора патот кон слободата, добро здравје, убав и удобен живот.

Добредојдовте во светот на слобода и независност!

Менаџер
Катерина Трајчевска

# АЛОЕ ЦРВЕН КРЕМ # 064




Алое црвениот крем содржи алое вера гел комбиниран со селектирани билки. Идеален е за смирување на стрес и напрегање (напор) или како лосион за масажа на уморна, сува кожа.

Црвениот крем со алое има балансиран pH и особено е погоден за релаксирачка масажа. Тој длабоко продира во кожата и помага во брзо отстранување на стресот и напнатоста, болката во зглобовите и мускулите. Исто така многу е добар за вкочанети лакти, колена и рамена.

Помага при главоболки (нанесете мала количина врз слепоочниците).

Слободно нанесете и масирајте ја кожата каде што е потребно. Избегнувајте допир со очите.

**Користете го црвениот крем со алое за:**

- За опуштање и отстранување на болка по спортски тренинзи или аеробик
- Помага при главоболки (нанесете мала количина врз слепоочниците).
- Кај бронхијални и дишни проблеми (масирајте врз градите и грбот)
- Погоден е за употреба како за деца така и за возрасни.
- За опуштање и отстранување на болка и грчеви
- Помага во смалување на отоци.

***Код за порачка # 064***

**Имате можност да порачате визит карти во Дисконтот на ФЛП.**
**Цена: 100 визит карти= 300 ден.**

FOREVER LIVING PRODUCTS

**Никола Николовски**
дистрибутер

Тел.: +389 2 3111 333
Моб.: +389 70 333 111
e-mail: nikola@yahoo.com
www.foreverliving.com



FOREVER

## РАСПОРЕД НА ЗАЕДНИЧКИ ПРЕЗЕНТАЦИИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во Хотел Балзак, кој е лоциран спроти дисконтот на ФЛП. Влезот е бесплатен.

**25.01.2010- понеделник**
**Предавач: Слафко Михајловски - Соаринг Менаџер**
**Почеток: 18:00**

**8.02.2010- понеделник**
**Предавач: Славица Донакова- Менаџер**
**Почеток: 18:00**

**22.02.2010- понеделник**
**Предавач: Кирил Дрзманоски - Сениор Менаџер**
**Почеток: 18:00**

**15.03.2010- понеделник**
**Предавач: Дејан Брсакоски - Менаџер**
**Почеток: 18:00**

## РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во дисконтот на ФЛП.

- Секој понеделник: Дејан Брсакоски - Менаџер
  Почеток: 17:00 часот
- Секој вторник: Слафко Михајловски - Соаринг Менаџер
  Почеток: 17:30 часот
- Секој четврток: Катерина Трајчевска - Менаџер
  Почеток: 17:00 часот

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**
Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@mt.net.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Катерина Трајчевска
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Др.Роза Гелевска
5. Зорка Малинова
6. Александар Апел
7. Наташа Петреска
8. Вера Чавдарова
9. Бараковска Виолета
10. Вера Златковска

## ТОП 3- Вкупен обем

1. **Слафко Михајловски**
2. **Кирил Дрзманоски**
3. **Блага Крстеска**


## FOREVER LIVING PRODUCTS- МАКЕДОНИЈА

**www.foreverliving.com**

ул.Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; email:flp@mt.net.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба.За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за декември

### Асистент Супервизори

1. Антовска Весна и Зоран - Скопје
2. Бараковски Владимир и Бараковска-Груевска Александра - Охрид
3. Бојоска Билјана - Гостивар
4. Георгиевска Емилија и Емил - Куманово
5. Ѓурковиќ Милка и Игор - Гостивар
6. Костовска Катерина - Куманово
7. Накиќ Магдалена и Томица - Куманово
8. Николовски Зоран и Славица - Скопје
9. Пушкин Андријана - Скопје
10. Стефановска Љубица и Вангел - Гостивар
11. Ташевска Ана- Скопје

**Секој дистрибутер кој ќе спонзнорира и развие нов:**

**Еден Асистент Супервизор добива:**



**Добитници во декември:**

**Часовник:**
**389000054145- Славица Донакова**
**389000021781- Сунчица Крстевска**
**389000055863- Катерина Станојевиќ**
**389000052022-Денис Хаурдиќ**
**389000016264-Гоце Бошковски**
**389000021687-Лидија Кироска**
**389000055011-Вера Златковска**

**Два Асистент Супервизори добива: Торба за лаптоп**



**Промоцијата ќе трае и во јануари и февруари 2010. Количините се ограничени!**




**За купени 2 парчиња Forever Bee Honey добивате 1 гратис! Промоцијата важи во јануари и февруару 2010. Количините се ограничени!**